Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 11.11.2025
Орг. Един.: 09 - 87/16

**УПРЖ.бр.63/2024**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - Претседател на советот и судиите м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по предлогот на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесена преку Адвокатско друштво Менкиноски – Адвокат Тони Менкиноски од Скопје за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година и предлогот за определување времена мерка во постапката за повторување и постапувајќи по предлогот на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје, поднесен преку полномошник Адокат Ѓорги Поленак од Скопје, за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година, за прекршок од областа на конкуренцијата, на седница на советот одржана на ден 21.10.2025 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

I

Предлогот на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за определување времена мерка во постапката за повторување завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

II

Постапката по предлогот на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје, поднесен преку полномошник Адокат Ѓорги Поленак од Скопје, за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд со Пресуда жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ и жалбата на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје против Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, ги одби како неосновани и првостепената пресуда ја потврди.

Истовремено со Решение барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје да му бидат надоместени трошоците во жалбената постапка во износ од 20.128,00 денари го одби како неосновано. Исто така и барањето на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје, за надомест на трошоци во жалбената постапка во износ од 16.817,00 денари го одби како неосновано.

До Вишиот управен суд на ден 20.07.2025 година тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје преку својот полномошник поднесе предлог за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година и постапката завршена со Пресуда на Управниот суд УПРК бр.10/2023 УПРКбр.12/2022 од 06.10.2023 година, со предлог донесените одлуки да се укинат, судот да го усвои тужбеното барање на Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје и Решението ПП.бр.09-30/2 од 14.07.2022 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да го поништи.

Со поднесок доставен до Вишиот управен суд на ден 24.07.2025 година Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје во целост го повлече предлогот за повторување на постапката доставен до Виш управен суд на ден 22.07.2025 година.

Од друга страна тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, преку својот полномошник на ден 24.09.2025 година непосредно достави предлог за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година. Тужителот предлага Вишиот управен суд предлогот за повторување на постапката завршена со Пресуда УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година и постапката завршена со Пресуда на Управниот суд УПРК бр.10/2023 УПРКбр.12/2022 да се усвои, повторувањето да се дозволи и судот да ги укине Пресудата на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година и Пресудата на Управниот суд УПРК бр.10/2023 УПРКбр.12/2022 од 06.10.2023 година. Истовремено предлага судот да го поништи Решението ПП.бр.09-30/2 од 14.07.2022 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата и барањето за утврдување на прекршок против ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје да го одбие како неосновано.

Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со тужбата за повторување истакна и посебно барање за изрекување на времена мерка во постапката по предлогот за повторување, со предлог судот да изрече времена мерка со која се одлага извршувањето на Решението ПП.бр.09-30/2 од 14.07.2022 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата до донесување на правосилна одлука по предлогот за повторување.

Вишиот управен суд постапувајќи по предлогот на на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за определување времена мерка во постапката за повторување завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година и по предлогот на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје, поднесен преку полномошник Адокат Ѓорги Поленак од Скопје, за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година-кој е повлечен, во смисла на член 29 став 5, член 48 став 1 алинеја 3 во врска со член 85, од Законот за управните спорови најде дека:

Предлогот на  на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година ќе се достави до Управниот суд заради понатамошно постапување од страна на првостепениот суд.

Предлогот на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за определување времена мерка во постапката за повторување завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/24 од 16.05.2025 година треба да се отфрли.

Постапката по предлогот на тужителот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје, поднесен преку полномошник Адокат Ѓорги Поленак од Скопје, за повторување на постапката завршена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ бр.63/24 од 16.05.2025 година треба да се запре.

Согласно член 29 став 1 и став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ (1) Судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. Судот одлучува за времените мерки со решение.

Согласно став 5 од истиот член на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Согласно член 48 став 1 алинеја 3 од истиот закон Судот ќе донесе решение за запирање на постапката и ќе реши за настанатите трошоци: - ако тужителот ја повлече тужбата пред да биде донесена одлука од судот.

Согласно член 82 од истиот закон (1) Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може, по предлог од странката, да се повтори, ако:1) странката дознае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука, доколку тие факти или докази биле употребени во поранешната постапка; 2) Европскиот суд за човекови права со правосилна пресуда констатирал повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи или донел одлука врз основа на еднострана изјава на државата за признавање на повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи; 3) пресудата е заснована на претходно прашање кое надлежниот суд или друг јавен орган дополнително поинаку го решил во битните точки; 4) судската одлука е резултат на кривично дело сторено од судија или судски службеник; 5) судската одлука е заснована на фалсификувана исправа или во која е заверена невистинита содржина, или одлуката на судот се заснова на лажно сведочење на сведок, вештак или странка; 6) при донесувањето на одлуката учествувал судија кој според закон морал да биде изземен, односно кој со решение на судот бил изземен. 7) на заинтерираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот

спор. (2) По предлогот за повторување на постапката решава судот што ја донел одлуката на која се однесува причината за повторување.

Согласно член 84 став 3 од истиот закон кога причината за повторување на постапката се однесува исклучиво на постапката пред Вишиот управен суд, претседателот на советот на Управниот суд по одржаното рочиште за расправање за предлогот за повторување на постапката ќе го достави предметот до Вишиот управен суд заради донесување одлука.

Согласно член 85 од истиот закон во постапката за повторување на постапка се применуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба и постапката по жалба, доколку од одредбите на овој закон со кои се уредува повторувањето на постапката, поинаку не е уредено.

Вишиот управен суд имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, спазувајќи го начелото на ефикасност на постапката одлучи да се произнесе по предлогот за определување времена мерка.

Во конкретниов случај овој суд најде дека во постапка по предлог за повторување не е дозволен предлог за определување времена мерка од причина што законодавецот децидно во член 29 став 5 од Законот за управните спорови предвидел дека предлогот за определување времена мерка може да се поднесе, односно судот да постапува и може да донесе рашение со кое се одложува одложи извршувањето на оспорениот акт само до донесувањето на правосилна одлука. Во овој случај постапката е правосилно завршена, а предлогот за повторување на постапката е вонреден правен лек и во таа постапка не е предвидена можност да се определува времена мерка.

Од друга страна овој суд предлогот за повторување на постапката ќе го достави до Управниот суд како би одржал рочиште по предлогот за повторување на постапката согласно членот 84 став 3 од Законот за упрвните спорови.

Што се однесува пак до решението на овој суд, со кое постапката по предлогот на Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје за повторување на постапката да се запре, овој суд го донесе имајќи во предвид дека со поднесок од 24.07.2025 година предлогот за повторување на постапката поднесен на ден 22.07.2025 година беше повлечен од страна на предлагачот Д-р ПАНОВСКИ АД за производство на лекови, медицинска опрема, промет и услуги Скопје.

При одлучувањето судот го имаше во предвид членот 85 од Законот за управните спорови каде е предвидено дека во постапката за повторување на постапка се применуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба, доколку од одредбите на овој закон со кои се уредува повторувањето на постапката, поинаку не е уредено. Во одредбите за повторување на постапката нема законски одредби за повлекување на предлогот за повторување, но во постапката по тужба повлекувањето е регулирано во членот 48 став 1 алинеја 3 од истиот закон, а каде е предвидено дека судот ќе донесе решение за запирање на постапката и ќе реши за настанатите трошоци: - ако тужителот ја повлече тужбата пред да биде донесена одлука од судот.

Вишиот управен имајќи го во предвид горе наведеното овој суд одлучи како во изреката на решението согласно член член 29 став 5, член 48 став 1 алинеја 3 во врска со член 85 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 21.10.2025 година под УПРЖ.бр.63/2024.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник